*Александар Апостолов*

# НЕКОИ ФОРМИ ВО ПОЛИТИКАТА НА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА И АСИМИЛАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА

Уште во условите на турското владеење во Македонија, соседните балкански монархии (Бугарија, Србија и Грција), преку своите национални пропаганди и вооружени чети, секоја сакаше да го докаже нејзиното „историско право" над Македонија, не водејќи притоа сметка за историскиот развиток и самобитноста на македонскиот народ.

По балканските војни, секоја од овие држави започна своја денационализаторска и асимилаторска политика во делот од Македонија што ѝ припадна по решението на Букурешкиот мировен договор (1913).

Што се однесува до делот од Македонија којшто влезе во составот на Кралството Србија, во него денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ отпочна да се спроведува преку најразлични форми. Автори на политиката на однародување и асимилирање на македонскиот народ беа монархот и големосрпската буржоазија предводена од Никола Пашиќ, Стојан Протиќ и други личности коишто имаа видна улога во политичкиот живот на Србија.

Па и во текот на Првата светска војна, кога отпочнаа контактите меѓу владата на Србија, на чело со Пашиќ, и Југословенскиот одбор, секогаш кога се расправаше за устројството на идната југословенска држава, Македонија беше ставана исклучиво во составот на Србија, зошто ако во тие преговори за Македонија се предвидуваше рамноправност со другите југословенски народи, постоеше опасност да не се оствари хегемонијата што великосрпската буржоазија и кралот ја планираа над останатите народи во идната држава. Од страв дека „новите пришелци (југословенските народи — А. А.) ќе донесат со себе нови обичаи и погледи ги тераше Србите да водат сметка за православното население во Македонија, како би имале јадро на источното население"[1]).

Прашањето за статусот на Македонија во идната државна заедница, за претседателот на Југословенскиот одбор претставуваше посебна

---

[1]) Др. Анте Мандиќ, Фрагменти за хисторију уједињења, Загреб, 1956, страна 122. Телеграма: Трубецки—Сазонов, за територијалните аспирации на Србија и нејзиниот однос спрема Хрватите и Словенците.

тешкотија, зошто според него „македонското прашање не може да се смета како прашање на споразум, туку како прашање на сила" и затоа не го беше внел во својот елаборат презентиран на Крфската конференција 1917 г.[2]).

Пробивањето на Солунскиот фронт од страна на силите на Антантата и српските војски имаше за Македонија особено далекусежни последици. Таа беше прва југословенска област ослободена од окупацијата на цетралните сили, со големи жртви и на српската војска, а тоа на Никола Пашиќ секојпат му служеше како главен аргумент за приклучувањето на Македонија кон Србија. Овој факт, колку позитивен во војнички смисол и заслужен да му се даде секое признание од југословенските народи заради жртвите што српскиот народ ги поднесе за ослободувањето на своите браќа, толку и негативно се одрази при создавањето на таква Југославија во која големосрпската буржоазија, користејќи го овој факт, ја наметна својата хегемонија над останатите југословенски народи. Ова беше во спротивност на стремежите на југословенските народи коишто замислуваа новата држава да биде заедница на рамноправни народи.

Во врска со тоа, претседателот на Југословенскиот одбор, Анте Трумбиќ, му пишуваше на Антун Корошец и во писмото точно ги одделуваше стремежите на српскиот народ од хегемонистичката клика. „Ве молам, се вели во писмото, во Вашата работа строго да ја одделувате Србија и српскиот народ од владата на Пашиќ, која нема мнозинство во Скупштината и која не е израз на политичките кругови и на народот во Србија. Сета опозиција на српската скупштина, која има знатно мнозинство, а исто така и јавното мислење на народот во Србија. . . не сака Србија да заигра во нашиот народ пруска улога, туку се стреми кон тоа, како и останатите наши земји, да бидат составен дел на целината врз база на народна слобода и еднаквост"[3]).

Но во новосоздадената држава на СХС надвладеа концепцијата на хегемонистичките кругови и Македонија беше речит пример каде се вршеше асимилација со повеќе средства.

Како изговор за ваква постапка на властите во Македонија им слушеже создадената ситуација со нејзиното окупирање од страна на централните сили. Поголем дел од Македонците беше мобилизиран во текот на војната во составот на бугарската војска и за сето време на војувањето, истовремено се вршеше шовинистичка пропаганда против се што е српско. Оваа пропаганда беше ширена и меѓу населението, па продолжи и по свршувањето на војната од страна на реваншистичките кругови во Бугарија, преку испраќањето на врховистички чети во Македонија, за да создаваат немир меѓу населението и да ја вознемируваат новата власт.

И откога во Македонија навлегоа сојузничките војски, новата полициска и војна власт, со горчина констатираше дека „Македонецот се уште не е употреблив како сигурен повереник. Се што донесе (соопшти)

---

[2]) Како је дошло до Крфске декларације — белешке са седница државних на Крфу, седница од 3 јула 1917, „Нови Живот", књ. VI, Београд, 1922, стр. 326.

[3]) Д-р Милада Паулова, Југословенски одбор, Загреб, 1925, стр. 552.

треба да се прима со резерва. Нема патриотизам и не се работи од патриотизам, туку се треба да се плати"[4]).

Во такви услови, Македонија не можеше да дојде во обзир ниту како рамноправен партнер со другите југословенски народи, ниту пак како „помал брат" во фамилијата на групираната југословенска буржоазија, туку се третираше како обично „лено" на крал Александар[5]).

Со цел да се избришат трагите и од географско-историско значење „во Србија од 1913—1914, а подоцна и во Југославија беше забрането и славното име Македонија, вели Моша Пијаде"[6]). И навистина, називите за Македонија еволуираа од „Нови јужни краишта", „Јужни краишта", па преку „Јужна Србија" до „Вардарска Бановина", напоредо со зацврснувањето на власта во неа[7]).

А за асимилирањето на македонското население, веднаш со доаѓањето на војската по Првата светска војна, од некои нејзини претставници беа дадени и првите предлози како тоа да се постигне. Така, командантот на Вардарската дивизиска област, полковникот Љуб. Н. Барјактаровиќ, предлагаше сета власт во Македонија да се даде на Командата на III армија, а во секое село да се додадат по неколку „позудани семејства од старите краишта", коишто би, „по примерот на Австријанците во Банат, што ја уништуваат српската народност успешно можеле да играат таква улога во Македонија"[8]).

Покрај колонизацијата што ја вршеше државната власт преку доделување земја на семејства што доаѓаа од другите краишта на Југославија, во Македонија се вршеше и една друга, тукуречи непланска, но затоа постојана и со подбрани лица колонизација. Во сите служби од просветата, во административнит апарат и секаде кадешто се примаше плата беа назначувани чиновници од другите краишта на државата, а пак Македонците (во колку заземаа некоја државна служба) беа праќани во најразлични места на Земјата. Приврзаникот на режи-

---

[4]) Архив Војно-историског института, Београд, Пописник 4/III, кутија 61, фасцикула 2. Команда вардарске дивизиске области Пов. Г. бр. 172, 7-X-1920, Команданту III армиске области — извештај.

[5]) Д-р Иван Рибар, Политички записи, II, Београд, 1949, стр. 35.

[6]) Моша Пијаде, Слободна Македонија у братској заједници југословенских народа, „Нова Југославија", збирка на одбрани чланци бр. 1—4, 1944—46, стр. 59.

[7]) Д-р Петар С. Јовановиќ, Географски положај и комуникације Јужне Србије, „Нова Европа", књ. X, бр. 11 од 11 октобра 1924 г. стр. 319. На ова место авторот појаснува дека под „Јужна Србија" се подразбираат областите коишто се ослободени од Турција после војните од 1912 и 1913 година, и Струмичката област, којашто му припадна на Кралството на СХС по I светска војна. Тука, според него, спаѓаат: високата област на Рашка, потоа Косовската и Скопска стара Србија и северниот дел на Македонија.

Со кралски указ од 3. октомври 1929 година објавен е закон по кој Кралството на СХС добива име Југославија, а „Јужна Србија" (Македонија и некои др. области) добива име Вардарска бановина. Овој назив за Македонија остана се до 6 април 1941 г. Северните граници на Вардарска бановина допираа до над Ѓаковица, Приштина, Лесковац, вклуч. Метохискиот дел од Косово и еден дел од Србија.

[8]) Архив Војно-историског института ЈНА, Београд, Пописник 4/III, кутија 56, фасц. 2. Команда Брегалничке дивизиске области пов Г. бр. 1694; од 26-I-1919, команданту III армиске области-извештај.

мот во стара Југославија, Растко Пуриќ, за малиот број службеници во администрацијата од македонско потекло сметаше дека е причина недоволната образованост и неспособност на Македонцеот да врши најразлични државни функции, почнувајќи од полициската служба па нагоре. Тој на едно место изјави дека јужносрбијанците (т. е. Македонците — А. А.) имаат склоност за ситна трговија, банкарство, занаетчиство, *печалбарство* и сл.[9]) (подвл. — А. А.).

Чиновничкиот апарат, со ретки исклучоци, беше корумпиран, и служеше на интересите на партиите кои беа на власт и ја користеше, создадената ситуација за лично обогатување. Злоупотребите што ги вршеа таквите чиновници често беа предмет на бројни интерпелации на скупштинските пратеници: „Во Македонија е пратено она што е најлошо, она што отишло во берба, оти се претпоставува дека е Македонија колонија каде никнуваат лирите и наполеоните што се берат во сите годишни времиња и во секое време на денот и ноќта,"[10]) вели народниот пратеник Михајло Кујунџиќ.

Уште во првите години на постоењето на Кралството СХС преку бројни написи се констатираше дека чиновништвото во „Јужна Србија" не било дораснало за позивот заради својата стручна неспремност и морална неисправност.

„Со Јужна Србија нема кој да управува, се вели во еден напис; голем дел од тамошното наше чиновништво ја срамоти оваа земја во очите на тој народ кој со векови воздишал за ослободување од турската корупција, и со нетрпение очекувал да завледее европски ред во тие измачени краишта"[11]).

За насрчување на чиновниците кои биле испраќани во Македонија и за доследно извршување на режимската политика постоеше предлог платите да им се зголемат од 25 на 50%, а времето проведено на служба да им се смета двојно.[12])

Политичките прилики во Македонија му одеа на рака на несовесното чиновништво при вршење на злоупотреби, а на одговорните највисоки државни органи да ја забрзаат акцијата за денационализација и асимилација на македонскиот народ.

Во првите години по војната незадоволството на широките народни маси, ширум новосоздадената држава, се повеќе раснеше и ја застрашуваше бужроазијата. Пред изборите за Конституантата теророт беше засилен за да се застраши народот. Од друга страна големосрпската буржоазија, во овој период, беше предизвикувана од разните мемоари што беа праќани од името на Македонија и македонскиот народ до претстседателот на САД Вудров Вилсон, или до Мировната

---

[9]) Растко Пурић, „Наличја", социјални проблеми Јужне Србије, Скопље, 1934, страха 22—24.

[10]) Стенографске белешке Народне скупштине краљевине СХС, св. I, Београд, 1923, страна 331.

[11]) Д-р. Д. Аранђеловић, Чиновништво и официри у Јужној Србији, „Нови Живот", књ. V, Београд, 1921, стр. 33.

[12]) Д-р. Милан Вукочевић, Прилог решењу чиновничког питања у Јужној Србији, „Нови Живот", књ. V, Београд, 1921, стр. 296, 298.

конференција во Париз, во кои се бараше „автономија” за Македонија, припојување кон Бугарија или барем рамноравност со останатите нации во Кралството. Притоа и резултатите од изборите за Уставотворното собрание (28. XI. 1920) покажаа дека КПЈ имаше најголем успех токму во Македонија со добиени преку 40.000 гласа и 15 пратенички места. Ако кон тоа се придодадат акциите на комитските чети праќани од Бугарија, тогаш можеше да се предвиди дека големосрпската политика во Македонија ќе премине во фронтален напад врз македонскиот народ. Од многубројните фактори, за реалзиирање на таа политика, колонизацијата ќе има водечка улога. Од многубројните написи и изјави на одговорни лица, од тоа време, се гледа дека на колонизацијата ѝ се поставува најглавната задача — денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ. Потпирање врз колонизираните елементи беше за режимот неопходно и заради тоа што „Македонецот сеуште не е употреблив како сигурен повереник. Се што соопшти треба да се прими со резерва. . .”[13])

Окружните и околиските полициски началници беа меѓу најважните фактори, одговорни за „уредувањето” на Македонија. На седницата, што беше одржана на 16 и 17 јуни 1920 година во Скопје, беа донесени повеќе заклучоци што станаа програм за акција. Во заклучокот, што се однесуваше за просветата, се предвидуваше отворање училишта со цел „национализирање” на народот. За полесно спроведување на овие заклучоци беше решено да се „премавнат од овие краишта егзархиските учители и учителите комунисти, особено помладите кои доаѓаат од Јагодинската учителска школа. ” Во т. 13 од Записникот на оваа седница, околиските и окружните началници предвидуваа „*населување на наш елемент и национализирање на побугаренотo население*”[14]). (Со одредена цел се вршеше дискриминација на макеоднскиот народ, употребувајќи го изразот „бугарски”, бидејќи македонската нација не се признаваше во стара Југославија).

„Осведочениот пријател српски”, шефот на техничката полиција во стара Југославија, др Арчибалд Рајс, предлагаше интензивна политичка работа среде младината во Македонија со цел да се изврши асимилација.[15])

Друг еден „пријател српски” се противеше на „минималниот програм” со кој се предвидуваше „културна автономија” за Македонија и сметаше дека по тој начин Македонија ќе била изгубена „и тоа се во еден час, кога Белград цврсто смета на успех во асимилирањето на широките аналфабетски македонски маси. . .”[16])

---

[13]) Архив Војно-историског института ЈНА, Београд, пописник 4/III, кутија 56, фасцикула 2.

[14]) Пак таму, кутија 60, фасцикла 12. Комада III армиске области Пов. Ѓ. бр.2. 700, 19-VI-1920, Министру војном и морнарице — заклучоци од Конференцијата одржана со околиските и окружните началници на 16 и 17-VI-1920 г. во Скопје.

[15]) Р. А. Рајс, Где лежи зло? Анкета осведоченог пријатеља српског народа — проф. г. Р. А. Рајса, „Јужна звезда”, г. II, бр. 46, Битољ.

[16]) Фридрих Фон Тајзен, Југословенски проблем, Београд, 1929, стр. 34.

Имаше и такви луѓе коишто ја увидуваа разликата меѓу спрскиот и македонскиот народ, но и покрај тоа, отворено и бескрупулозно предлагаа насилно да се изврши асимилација. „Јужна Србија не е чисто српска земја”, пишуваше еден автор од тоа време. „Во неа има доста народни примеси кои не сакаат да се чувствувата како Срби. *Но тие се во малцинство и мора да исчезнат.*” (подвлекол — А. А.).

Истиот тој автор смета дека асимилацијата треба да ја извршат одбрани луѓе коишто со сигурност ќе ја вршат доверената работа. „Треба да се пази на тоа, кој ќе отиде за владика или прота во Јужна Србија, но треба да се обрне внимание и на тоа на кого долу ќе му се даде да продава весници и тутун, какви се кафециите, берберите, пеачките и сите други струки кои се важни фактори во создавањето на едно солидно национално јавно мислење. Со еден збор Македонија треба уште еднаш да се преземе.”[17]) И понатаму, овој автор смета дека тоа „повторно преземање” на Македонија треба да го извршат, покрај другите фактори: школите, Скопскиот факултет, и четниците коишто најдобро ги познавале приликите и луѓето, и ќе можат, сега како „спортско друштво” ефикасно да делуваат во Македонија за побрзо асимилирање на народот.[18])

Учителот, Јеремија Павловиќ, во својата книга „Малешево и Малешевци” отишол толку далеку што за селаните од селото Владимирово вели дека личат на историските личности од времето на Караѓорѓе Петровиќ, зошто биле кошчести во лицето маркантни и со густи мустаќи.[19])

А Ѓорѓо Крстиќ, најодговорната личност за колонизацијата на Македонија, во својство на врховен повереник, сметаше дека колонизацијата треба да ја усогласува работата во заедница со сите други установи кои исто така работат на „преродбата” на Јужна Србија[20]).

## ПРОСВЕТАТА И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Во Македонија, непосредно по Првата светска војна, просветата, особено во некои краишта, сосема ја беше прекратила својата дејност. Тоа се должеше, можеби, на последиците од војната, но секако, најмногу на сменувањето на господарите во Македонија.

Егзархијата беше отворила приличен број училишта во Македонија на бугарски наставен јазик и со поголем дел учители, иако родум од Македонија, тие беа школувани од Егзархијата и воспитувани во великобугарски дух.

По војната наеднаш требало да се измени и наставата и јазикот на кој таа се одржуваше, како и учебниците и наставниот кадар. Она

---

[17]) М. С. Јовановић, О Мећедонији, „Нови Живот”, књ. XIV, Београд, 1922, стр. 102, 104.

[18]) Пак таму, ск.1.

[19]) Јеремија Павловиу, Малешево и малешевци, Београд, 1929, стр. 417.

[20]) Ѓорѓо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928, стр. 99.

што не се измени, туку доби првостепена важност, беа целите на наставата — денационализација и асимилација на македонскиот народ.

Во цела „Јужна Србија" (т. е. Вардарскиот дел на Македонија, Косово, Метохија и Рашката област) во учебната 1918/19 година имаше само 440 основни училишта со 600 учители. Посебно во Македонија цели краишта останаа без училишта и учители, а и онаму каде што пред балканските војни ги имаше, поголем број од нив беше затворен.

Спомнатиот Арчибалд Рајс ги укоруваше властите што не отвораат нови училишта, зошто, како вели тој: „училиштето е едно од најмоќните средства да се од Македонците, па дури и од заостанатите (затуцани) Македонци бугарофили создадат одлични Срби."

Според искажувањата на Рајс, во Ресенска околија, пред балканските војни имало 15 основни училишта и една гимназија, а во првите години по I светска војна само 7 основни училишта. Во селата на фронтот, од левата страна на Црна Река, како и на нејзиниот свиок, во вкупно 11 села немаше ниту едно училиште. Тој апелираше да се отворат училишта што ќе бидат „*центри на просветата и денационализацијата.*[21])

И „домашни" луѓе ја согледуваа улогата на просветата во Македонија и бараа што поскоро да се отворат училишта што исклучиво ќе служат на националните интереси.[22]) Отворање на училишта со вакви цели бараа луѓе што пред балканските војни служеа на пропагандата на Кралството Србија.

Отворањето на училиштата се забрза за на тој „полудив народ" да му се „облагороди срцето, па макар и на штета на разумот" за да се „повторно национализира и преороди".[23])

Дури и воените лица констатираа дека во Штип не работи ниту едно основно училиште, а гимназијата беше затворена и покрај тоа што имаше многу гимназиски ученици.[24])

По долги дискусии, во 1920 година, во Скопје беше отворен Филозофски факултет, во состав на Белградскиот универзитет, и во него во прв ред беа застапени националните предмети, зошто, при неговото создавање, воглавно се имаше предвид неговата „*културно национална мисија на Југ*"[25]). (подвлекол — А. А.).

Отворањето на училишта од прва и втора степен се забрза, така што до 1929 година бројот само на полните гимназии се покачи од 4 на 9.[26])

---

[21]) Р. А. Рајс, Обнова и настава (писма из Мађедоније, „Нови живот", св. VII, Београд, 1921; стр. 12—13.

[22]) Д-р М. Крстић, За на Југ, „Јужна звезда", год.I. бр. 9.Битољ, 1922.

[23]) Стј. Роца, Јужна Србија, Сплит, 1928, стр. 103. Наведените зборови се на народниот пратеник од Гостивар — Осман Асановиќ.

[24]) Архив Војно-историског института ЈНА, Београд, пописник 4/III, кутија 56, фасц. 2. Команда Брегалничке дивизиске области Пов. ѓ. бр. 1693 од 26. јануара, 1919 г. Команди III арм. области.

[25]) Александар Донковић, Просветне прилике на Југу, „Нова Европа", књ. XVIII, бр. 4 и 5, 1928, стр. 110.

[26]) Светозар К. Марковић и Јаков Игњатовић, Школство Јужне Србије од 1912—1937. г. Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912—1937, Скопље, 1937, стр. 934.

Но поради бројни настани што се случија во Македонија до 1929 година (многубројни политички процеси во врска со комитските акции, процесот на интелектуалци во 1927 година во Скопје, атентатот на генерал Ковачевиќ во Штип 1927 г. и сл.), во времето на Шестојануарската диктатура, со еден закон за средните школи од 1929 година сосема беа укинати гимназиите во : Кавадарци, Струмица, Кичево и Ресен, а од полни беа сведени на неполни, гимназиите во: Титов Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип.[27]) Овој закон ја погоди само „Јужна Србија" (т. е. Македонија) и со него се создаде ситуација од која можеше да се согледа дека спрема македонскиот народ се врши дискриминација од секаков вид па и во школството. Во прилог на ова зборува споредбата на бројот на училиштата меѓу Прилеп и Неготин Краина. Иако Прилеп тогаш броеше 25.000 жители, имаше само неполна гимназија, а Неготин, со само 8.000 жители, имаше: полна гимназија, учителска школа и средно земјоделско училиште.[28])

Оваа мерка првенствено беше пресметана на тоа да се прекрати натамошно создавање на народна интелегенција, која беше започнала движење против општата политика на хегемонија во Македонија. Во таа смисла, подоцна, во времето на владата на М. Стојадиновиќ беа укинати стипендиите на 70 студенти од Вардарска Бановина, со оглед на фактот дека голем дел од студентската младина беше тесно сврзан со активноста на обединетата студентска младина или со културното друштво на студентите „Вардар" кое политички и културно делуваше меѓу македонските студенти на Белградскиот и Загребскиот универзитет.[29])

Инаку, во Македонија, бројот на неписмените секогаш беше поголем од бројот на писмените, и само Босна и Херцеговина во тој однос стоеше зад Македонија.[30])

## ОДНОСОТ НА ВЛАСТИТЕ СПРЕМА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Македонскиот јазик не само што не беше воведен во наставата, туку на учениците им беше забрането да се служат со него на улица и на други јавни места, а се препорачуваше и дома да не се зборува на него.

Полицијата ги прогонуваше и претставниците на власта коишто со Македонците зборуваа на нивното месно наречје. По тој повод народниот пратеник за Кривопаланечка околија, се оплакуваше пред Народната скупштина дека командирот на жандармериската станица во Крива Паланка му забранувал да зборува со некој селанец на месното наречје, велејќи дека е тоа бугарски јазик.[31]) Таквиот однос спрема македонскиот јазик продолжи до крајот на постоењето на стара Југославија.

---

27) Пак таму, стр. 935.

28) Дејан Алексиќ, „Наша реч" 1939—1941, Скопје, 1960, стр. 70.

29) Пак таму, стр. 69.

30) „Наша реч" 9—10 од 5. јануари, Скопље, 1940.; Дејан Алексиќ, „Наша реч" 1939—1941, Скопље, 1960, стр. 212.

31) Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине СХС, књ. I, стр. 324—345.

Дискриминацијата на македонскиот јазик и на македонската народност со „бугарскиот" беше изговор на власта да ги гони и затвора луѓето. По тој повод „Социјалистичка зора" пишуваше дека сите луѓе коишто не го знаеле српскиот јазик биле наречувани „Бугараши" и „Турци", со многу шовинистичка погрдност и презирање[32]).

Во своите писмени извештаи, пониските полициски органи ги известуваа своите претпоставени, меѓу другото и за македонскиот збор или песни што се слушаа на јавни места. Така, командантот на Вардарската дивизиска област, во својот месечен извештај за м. август 1939 година, во т. 4 „Противдржавни дела" соопштува дека: „На многу места се слуша пеење на бугарски песни (всушност македонски — А. А.) како: „Миле Попјордано", „Знаете ли Македонци чија е оваа земја"; во точка 7 „Поважни настани", за важен настан е одбележано дека на 3 август, свештеникот Каваевиќ Тома (на ИЌ се завршуваа презимињата на Македонците — А. А.), од Охрид, Околија Охридска, во црквата Свети Климент, одржал говор на присутниот народ на македонски јазик, по повод на Илинденското востание[33]).

Пеењето на македонски народни песни се сметаше од властите како „противдржавно дело", а против нарушувачите се применуваа казнени мерки. Од еден извештај од Штабот на III армиска област, упатен до Министерството на војската, дознаваме дека на 19 август 1939 година, во хотелот „Турист", сопственост на Томановиќ Стеван од Струга, на другарската вечер се пееле македонски песни: „Болен ми лежи Миле Попјордано", „Пајдушка", „Мама ме прати на долните дуќани" и др. Песните ги пееле: Коџомановиќ Вангел, професор од Белград, Малевиќ Владо, богослов од Битола, Несторовиќ Никола, студент на Шумарскиот факултет од Земун и др[34]).

Една од формите за асимилација беше спроведувана и од страна на црквата при крштевањето на новородените деца. Во црквите имало список на имиња, надвор од кој не можело да се земе име за новороденчето[35]).

---

32) „Социјалистичка зора" бр. 57, од 15. август, 1920.

33) Архив Војно-историског института ЈНА, Београд, пописник 17, кутија 7, регистарски бр. 17/3—3, Штаб Вардарске дивизиске области пов. Ђ. об. бр. 800, 30 август 1939, команданту III армиске области, обавештајни извештај за месец1939 год.

34) Пак таму, Пописник 17, кутија 7, 27/3—1, Штаб III армиске области Пов. ђ. об. бр. 1390, 4-X-1939, Министарству војном, месечни обавештејни извештај за септембар 1939 г. о унутрашњој ситуацији.

Меѓу наведените во извештајот лица ги препознаваме: академскиот сликар Коџоман Вангел, првоборецот и наш политички работник Владо Малевски, како и загинатиот народен херој Нико Нестор, сите од Струга.

35) Д-р Богдан Стојсављевић, Сељаштво Југославије 1918—1941, Загреб, 1952, стр. 38. Авторот изнесува еден случај кога некоја селанка донела во црквата дете на крштевање, па и тој бил тука присутен. „Во некои делови на земјата, како на пр. во Македонија, вели авторот, вршена е колонизација со цел да би се олеснила политиката на национално поробување. За илустрација ќе наведам еден пример што го доживеав во едно село на Македонија. Во селската црква се вршеше крштевање. Требаше на детето да му се даде име. Мајката нешто се двоумеше, гледам, се снебива. Во што била работата? Над крстилницата стоеја на ѕидот испишани имиња. Се одред имиња српски. Веруетно дека мајката сакаше да му даде име на детето по своја желба. Мило име

Во политиката на преобразување на Македонецот режимите презеле мерки да го изменат и неговиот надворешен изглед. Во Штипско било забрането да се носат каскети, а луѓето се задолжуваа да носат шајкачи. Во недостиг на такви капи, Друштвото на резервните офицери од Белград испратило подарок на штипјани 1.000 шајкачи[36]).

## КОЛОНИЗАЦИЈАТА КАКО ФОРМА НА АСИМИЛАЦИЈА

Уште од 1919 година се отпочна со колонизарањето на Македонија со семејства коишто беа доведувани од другите краишта на земјата. При спроведувањето на колонизацијата, со измена на топонимите на Македонија, спротивно на обичаите и традициите на македонскиот народ, се целеше и по тој начин да се изврши асимилацијата. На новосоздадените колонии се даваа имиња на личности од монархиските династии или имиња на историски личности од српската историја, како и имиња на лица заслужени за тогашните режими. Така имаше имиња на села: Душановац, Петровац, Александровац, Синѓелиќ (Скопско); Петрово, Караѓорѓево, Милошево, Александрово (Прилепско); Нова Батања, Олуиќ (Штипско); Воиновиќ (Кумановско); Караѓорѓевац (Гевгелиско); Глишиќ (Тиквешко); Никулиќ и Сретеново (Дојранско).

Во секој, макар и најмал напис за колонизацијата во Македонија се подвлекуваше дека денационализацијата и асимилацијаат на македонскиот народ биле првостепена цел на колонизацијата. За поуспешно постигање на таа цел, некои лица бараа колонизацијата да се повери на штабот на војската, а колонистите да бидат под непосредна команда на штабот и во секое време да се готови за акција.

За Ѓорго Крстиќ колонизацијата значеше повторно враќање на колонистите на своите огништа: „за да го продолжат, како вели тој, недовршеното крваво оро... и да ги возобноват своите стари огништа"[37]). „Покрај трагите на старата уметничка акција на Немањиќите... и *нашата аграрна реформа на југ* (подвлекол—А. А.) треба да биде една еминентна културна акција" вели Перо Слијепчевиќ. Тој е согласен со врховниот повереник на аграрната реформа и колонизација во „Јужна Србија" Ѓорѓо Крстиќ, да се организира една централна установа во Скопје што би ги поврзала разните упоредни акции за подигање на народниот

---

што е убичаено да се дава одамна на македонско дете. Но попот ѝ обрна внимание на списокот залепен на ѕидот. Конечно мајката зеде од ѕидот непожелно име. По крштавањето, во разговор со попот, дознав дека пред да дојде во тоа македонско село бил на служба како финансиски службеник во Славонија. Овде дошол како колонист. Меѓу дојдените бил најписмен и заради тоа станал поп. *За ваков начин на крштевање рече дека е тоа еден од методите со кои се спроведува србизирањето на Македонија* (подвл.— А. А.)... Од населениците, заклучува Стојсављевиќ, се издвојувале општинските писари и другата ситна оператива која ги слушала своите големосрпски господари и брутално спроведувала нивните директиви за пацификација на Македонија".

[36]) „Македонско дело", година III, бр. 64, 1928, стр. 6.

[37]) Ђодђо Крстић, Колонизација у Јужној Србији, ДСарајево, 1928, стр. 66.

живот, увидувајќи ја врската на колонизацијата со општото прашање на југ[38]).

Тогашниот доцент на Љубљанскиот универзитет, Антун Мелик, сметаше дека Македонија може да се осигури по пат на колонизирање и асимилирање. За да се изведе полесно асимилацијата, требало Македонија да се подели на два дела вдолж реката Вардар, па откога во секој дел ќе се створеле силни центри на српството и поголеми места кои асимилаторски ќе делуваат на околината ќе се постигнела целта. Како пример на успешна колонизација, А. Мелик го наведува колонизирањето на подунавските шваби во Војводина. Тој предлагаше да се испратат луѓе во Македонија кои ќе бидат столб на режимот[39]).

По мислењето на Ѓорѓо Крстиќ, најпогодни биле за потполна асимилација на Македонците, населениците од Врањскиот и Пиротскиот округ, зошто биле по менталитет слични со Македонците. За Црногорците колонисти вели дека се сосема спротивни на менталитетот на месното население и неподесни за асимилатори. Тој во својата книга за колонизацијата, уште на првата страница, категорички се искажува, во својство на најодговорна личност, дека: „колонизацијата не е прашање на населениците туѓинци кои дошле да бараат леб. Тоа мислење е сосема погрешно... Од наше гледиште колонизацијата е првокласно државно прашање на Југ... Таа спроведува национализирање и *асимилирање на тамошните наши краишта...*”[40]) (подвлекол — А. А.).

Кога фондот на земја за колонизирање нови семејства беше веќе исцрпен, се бараа нови површини земја за населување. Беше поведена акција за потпишување конвенција со Турција за иселување на Турците од Македонија, а на нивната земја да се населат нови 40 до 50.000 семејства за да земјата не дојде во раце на лица „национално несвесни”[41]).

Од каква важност била колонизацијата „за вишите државни интереси” се гледа и од предлозите според кои таа требало да се препушти на генералштабот на војската, а колонистите да се мобилизираат и да се употребуваат „за решавање на националниот проблем и јавната безбедност”[42]). Но и без тоа на чело на Врховното повереенство на аграрната реформа, за врховен повереник се назначуваше особено доверливо лице. Така, по едно време во 1929 година, за повереник беше назначен управникот на кралскиот двор Веља Димитријевиќ (Јужна Србија, г. I, бр. 15), а во 1935 беше назначен Воја Петковиќ, бивш конзул во Холандија и Пор-

---

[38]) Перо Слијепчевић, Колонизација у Јужној Србији (поводом недавно објављене књиге под тим насловом од г. Ђорђа Крстића, судије Врховног суда), Сарајево, 1928, Гласник скопског научног друштва, књ. V, 2, одд. друштвених наука, Скопље, 1929, стр. 346, 343.

[39]) Антун Мелик, Проблеми наше унутрашње колонизаците, Летопис Матице српска, књ. 303, Нови Сад, 1925, стр. 177—182.

[40]) Ђорђо Крстић, цитирано дело, стр. 84 и 1.

[41]) Чедомил Митриновић, Колонизација јужних крајева, Београд, 1939, стр. 26. Свери Државни архив СФРЈ, Београд, Савет за пољопривреду и шумарство, фасцикула 556, В4ховно повереништво аграрне реформе пов. бр. 344, 12-VI-1940 г. Скопље, Министру пољопривреде — Београд, извештај.

[42]) Милосав Јелић, Летопис Југа, Београд, 1930, стр. 102—103.

тугалија. За помошници на врховниот повереник беа назначувани уште троица активни офицери — од кои еден генерал и двајца полковници.

По Втората светска војна, во условите на нова Југославија, едногласна е оценката на сите оние коишто се бавеа со прашањето за колонизацијата во Македонија, дека денационализацијата и асимилацијата биле основни нејзини цели.

Проф. на Економскиот факултет во Белград, др Никола Вучо, вака ја оценува колонизацијата во Македонија во стара Југославија:

„Колонизацијата, сврзана со аграрната реформа... имале за цел да спроведат *денационализација и асимилација на македонскиот народ* (продвл. — А. А.) и со населувањето на „национално свесни" колонисти да ѝ создадат на големосрпската власт јаки упоришта во овие краеви. Оваа цел се спроведувала на тој начин што му е одземана земјата на македонскиот селанец и е давана на колонистите, што колонистите биле населувани по важните сообраќајни места и што им е обезбедувана подобра економска положба одошто на македонските селани. Тоа се гледа пред се и по тоа дека од сите области од предвојна Југославија, Македонија била најмногу колонизирана. Додека во Босна, од вкупната земја опфатена со аграрната реформа на колонизација отпаѓало 2,39%, а во северните краишта 17,9%, тој процент во Македонија изнесувал 52,44%. Според тоа, на колонистите во Македонија им е дадено 52,44% од вкупната земја опфатена од аграрната реформа, а на македонските селани 39,55%"[43]).

Професорот на Економски факултет во Скопје, Ванчо Бурзевски, во својство на пом. министер на аграрната реформа во нова Југославија, уште 1945 година, вака ја оцени колонизацијата во Македонија.

„Многу голем дел од чифчиската земја, којашто по аграрната реформа би требало да мине во рацете на чифчиите, дадена е на некои колонисти... Така тие сиромашни селани и безземјаши и по аграрната реформа останаа без земја". Тој наведува пример со Струмичко, каде молбите за доделување земја на месното население стоеле во архивите, а истовремено во таа околија биле доведени 193 колонистички семејства.

„За резултатите на таа и таква политика мачно е и да се зборува, вели Бурзевски. Ништо така силно не ја компромитирало стара Југославија во очите на македонскиот селанец, како оваа „аграрна реформа". Ништо не го отуѓило така од таа држава како таа и таква аграрна реформа"[44]).

Целите на колонизацијата во стара Југославија беа оценети во прв ред како асимилаторски и на I конгрес на КПМ. Во својот реферат, секретарот на КПМ, Лазар Колишевски, зборувајќи за колонизацијата, го рече и следното: „Пред се аграрната реформа во Македонија беше потчинета на целите на великосрпската буржоазија за асимилирање на македонскиот народ и создавање упоришта на својата власт... Во доделувањето на земјата од аграрниот фонд на македонските интересентие

---

[43]) Д-р Никола Вучо, Пољопривреда Југославије 1918—1941, Београд, 1958, стр. 30—31.

[44]) Ванчо Бурзевски, О колонизацији Македоније, „Борба" од 1 август 1945.

великосрпската хегемонистичка буржоазија се раководеше од принципите за „националните заслуги за српството”, давајќи им предимно земја на оние, „што го зачувале името”, на оние, „што верно служеле” итн. Со тоа се создаде јаз меѓу македонскиот народ и се потенцираа остатоците од националистичките и шовинистичките пропаганди во минатото”[45]).

Свесни дека прават големи неправди со таа и таква колонизација на македонскиот народ, кога меѓународната политичка ситуација наговестуваше големи собитија и неизвесности во однос на последиците од нив, аграрните власти не се решаваа да ја продолжат колонизацијата плашејќи се од револт на народот. За тоа, во извештајот на врховниот повереник на аграрната реформа, Пав. Јовановиќ, дословно стои ова: „Земјата ќе може да се дели кога тоа ќе го позволат надворешно-политичките прилики”. И понатаму, кога во извештајот станува збор за издвојувања „минимумот” повереникот вели: „Надворешно-политичките прилики попречија оваа работа докрај да се изведе и приврши. . . за да не се дава повод за спорови, протести и незадоволства”.

„Сите работи што можат да се вршат, а да не влијаат на масите, т. е. да не предизвикуваат незадоволства, спорови и протести. . . нормално се одвиваат”[46]).

За спроведување на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ во стара Југославија постоеја и разни друштва коишто во прв ред ја имаа таа задача.

Уште во времето на турското ропство во Македонија делуваа разни друштва во составот на српската национална пропаганда (Друштвото, „Свети Сава”, „Народна одбрана”, „Сокол” и др.). Веднаш по балканските војни овие друштва ја започнаа својата активност особено меѓу младината, а ја продолжија својата работа со посебен интензитет, и по Првата светска војна. Освен научните друштва, што овде не спаѓаат, во Македонија постоеја и други многубројни друштва. На прво место би го ставиле Друштвото „Свети Сава”, кое веднаш по војната беше основало свое поверенство во Скопје. Неговата задача беше „да се грижи за школување на „србијанската младина”[47]) а целта му беше, преку тоа школување, од таа македонска младина да создаде приврзаници на постоечкиот систем и режим.

Организацијата „Народна одбрана”, „како ретко која национално-патриотска организација и како близок соработник на четничкото движење” за српска Македонија, имаше посебна важност младината да ја воспитува во националистичко-шовинистички дух, а со тоа да врши и улога на асимилатор во Македонија.

Друштвото „Соко”, на коешто, според замислата на неговиот основач Чехот, Тирш, основната идеа му била „слобода на мислењето

[45]) Лазар Колишевски, Политички извештај на ЦК КПМ на I конгрес на КПМ, Скопје, 1949, стр. 36.

[46]) Државни архив СФРЈ, Београд, Фонд Министарства пољопривреде и шумарства, фасцикула, 556, Врховно повереништво аграрне реформе пов. бр. 344, 12-XI-1940, Министарству пољоприввреде — извештај.

[47]) Споменица двадесетпет годишњице ослобођења Јужне Србије 1912—1937, Скопље, 1937, стр. 1011.

и демократија", подоцна стана „обична „стафажа" на кралот и на секоја негова влада, па се претвори во обично гимнастичко друштво со јасни големосрпски белези"[48]).

И „хуманите" женски друштва: „Коло српских сестара", „Кнегиња Љубица", „Српска Мајка", „Кнегиња Зорка", развиваа сред училишната младина (особено- во школските интернати и детски установи, во колку ги имаше) во Македонија активност којашто одеше кон денационализација и асимилација.

Хегемонистичката политика во стара Југославија, во однос на Македонија дојде до израз и непосредно пред априлската катастрофа. Со создавањето на „Хрватска бановина", како самоуправна област, во 1939 г. големосрпската буржоазија предвидуваше „преустројство" на стара Југославија и создавање на т. н. „Српска единица". Центарот на таа „Српска единица" би се наоѓал во Скопје, каде што би било и седиштето на нејзиниот наместник, каков што бил за „Хрватска бановина" банот (Во тоа време Шубашиќ). Во составот на оваа „Единица", било предвидено да влезат како автономни области: Србија, Војводина, Босна и Херцеговина и Црна Гора, додека таква автономна област воопшто не се предвидуваше за Македонија[49]).

И со оваа комбинација, дури и во такви критични моменти за југословенските народи, целта на големосрпската политика била Македонија сосема да исчезне и како територијален поим, а да се слее сосема во потесна Србија, а народот во неа да се асимилира.

Напоредно со политиката на денационализација и асимилација, „големосрпските хегемонисти, помагани од кралско-генералската дворска камарила, задавувале секој обид на разбирање меѓу народите врз основа на еднаквост и рамноправност, како и секое национално движење во земјата, специјално во Македонија"[50]).

*Alexandar Apostolov*

## QUELQUES FORMES DE LA POLITIQUE DE DENATIONALISATION ET D'ASSIMILATION DU PEUPLE MACEDONIEN EN ANCIENNE YOUGOSLAVIE

### *RESUME*

Déjà pendant le règne des Turcs en Macédoine, les monarchies voisines des Balkans (Bulgarie, Serbie et Grèce) voulaient, chacune pour soi, prouver, par leurs propagandes nationales et leurs troupes armées, leur, „droit historique" sur la Macédoine, sans tenir compte du développement historique et de l'existence du peuple macédonien.

---

[48]) Др. Иван Рибар, Политички записи II, Београд, 1949, стр. 61.

[49]) Дејан Алексић, „Наша реч" 1939—1941. Скопје, 1960, стр. 61—62.

[50]) Д-р Иван Рибар, Политички записи II, Београд, 1949, стр. 16.

A la fin des guerres balkaniques, chacun de ces états commença une politique de dénationalisation et d'assimilation dans la partie de la Macédoine qui lui fut attribuée par la décision du Traité de Paix signé à Bucarest en 1913.

Dans la partie de la Macédoine qui appartenait au royaume de Serbie c'étaient la bourgeoisie panserbe, le roi et les hommes politiques, notables de la bourgeoisie- Nikola Pašić, Stojan Protoć et d'autres qui menaient la politique de dénationalisation et d'assimilation du peuple macédonien.

A la fin de la Première guerre mondiale, le royaume des Serbes, des Croates et des Slovènes fut fondé; le monarque et la bourgeoisie régnante et panserbe considerèrent la Macédoine comme partie intégrante de la Serbie dans le nouvel état. Par l'annexion complète de la Macédoine et par la dénationalisation et l'assimilation de son peuple, la bourgeoisie panserbe voulait créer pour elle-même une plus large zone économique. Par là elle tendait à réaliser l'hégémonie sur les autres nationalités dans le pays.

Le peuple macédonien s'opposait à la politique de dénationalisation et d'assimilation et les autorités se trouvaient obligées de prendre des mesures pour réaliser ce but. Les formes les plus importantes de cette politique non-nationale qu'on avait commencé à effectuer en Macédoine étaient les suivantes:

1) On envoyait en Macédoine des fonctionnaires et des professeurs provenant des autres régions en vue de contribuer à la réalisation de l'assimilation planifiée. Ces fonctionnaires hormis quelques exceptions très rares d'ailleurs, ainsi que la gendarmerie et la police voulaient, en faisant usage de la force et du pillage, effrayer le peuple macédonien pour pouvoir le dominer ensuite plus facilement. Pour justifier cette conduite à l'égard du peuple, les autorités se servaient du prétexte de lutter contre la propagande bulgare revancharde, contre les „panbulgares" de la Macédoine, ainsi que contre les comitadjis armés, envoyés par la Bulgarie en Macédoine pour exciter le peuple à la révolte contre le pouvoir panserbe.

2) Dès 1914 le Royaume de Serbie planifiait la colonisation de la Macédoine, et après la Première guerre mondiale, il passe à la réalisation. C'était la forme la plus importante de la politique de dénationalisation et d'assimilation du peuple macédonien. A l'aide de la colonisation de certaines familles „de confiance" des autres régions du pays, on devait créer une base ethnique non-macédonienne, un point d'appui du gouvernement dans la réalisation de la politique d'assimilation. Cette action continuait jusqu' à la chute de l'ancienne Yougoslavie en 1941. Une telle colonisation se répercutait d'une manière négative sur la situation économique de la population macédonienne. Cela provient du fait qu' une dizaine de mille d'hectares du sol fertile avait été engagé pour les familles de colons, tandis que les paysans macédoniens restaient, pour ainsi dire, sans terre à labourer.

3) La politique d'instruction, de même, au moyen des écoles et des autres institutions culturelles, tendait à élever les enfants et la jeunesse dans un but de dénationalisation et d'assimilation.

Pour atteindre ce but plus facilement, on jugeait nécessaire d'abord de fermer les écoles où l'on enseignait d'autres langues, et de réduire au minimum le nombre des écoles nouvellement ouvertes. Ensuite, suivant la sug-

gestion des „spécialistes" pour l'assimilation, on se mit à ouvrir de nouvelles écoles, mais d' où sortaient des générations conscientes de leur nationalité et qui s'opposaient à la politique officielle. La plupart des écoles étaient fermées immédiatement, et les bourses d'une dizaine d'étudiants — Macédoniens supprimées.

4) La nation macédonienne n'était pas reconnue en ancienne Yougoslavie. Par conséquent, la langue macédonienne n'était adoptée ni comme langue d' enseignement dans les écoles, ni comme langue officielle dans l'administration. On s' y servait de la langue serbe. L' usage de la langue macédonienne était interdite en public. La transgression de cette interdiction était considerée comme une „action contre-l' état "et l' on appliquait des mesures pénales contre les transgresseurs.

5) Pour mieux effectuer la politique de l'assimilation en Macédoine, on changeait les toponymes, on donnait aux enfants des noms désignés par les listes que les églises avaient établies dans ce but; on changeait l' aspect extérieur des Macédoniens en leur imposant des parties du vêtement qu' on portait en Serbie.

6) On mit en action plusieurs associations et organisations comme: „Saint Sava" (Sveti Sava)," Défense populaire" (Narodna odbrana), „Le Faucon" (Soko)," La Princesse Zorka" (Knjeginja Zorka), „La Ronde des soeurs serbes" (Kolo srpskih sestara") etc.